УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
— КУМАНОВО

# ДИМИТАР СТОЈЧЕВСКИ

12 - 25 - XII 1980

*ДИМИТАР СТОЈЧЕВСКИ*
*— АКАДЕМСКИ СЛИКАР*

*Роден е на 3. XII. 1940 година во Сисак (СР Хрватска).*
*Училиштe за Применета уметност завршил 1959 година во Скопје. Дипломирал на Академијата за ликовна уметност во Белград 1968 година, во класата на професорот Недељко ГВОЗДЕНОВИЌ.*
*Работи како асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје.*

*Учествувал на изложбите организирани од Друштвото на ликовните уметници на Македонија.*

*Студиски патувања: Франција, Италија, СССР, Грција.*

*Адреса: Улица „Ѓуро Ѓаковиќ" број 23 — Скопје.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1967 — Белград, Ниш и Приштина, VII-Октомвриски салон*
*1969 — Скопје, Уметничка галерија*
*1970 — Скопје, Јубилејна 25-та изложба на ДЛУМ*
*1971 — Скопје, VII Струмичка колонија*
*1971 — Скопје, Млада генерација — Центар за култура и информации*
*1972 — Белград, Недела на младата македонска култура*
*1972 — Скопје, Современи македонски уметници — Млада генерација II Музеј на Современа уметност*
*1972 — Скопје, Традиционална есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија*
*1973 — Белград, Изложба на млади југословенски уметници, Галерија на Домот на ЈНА*
*1973 — Ријека, VII Југословенски биенале на млади — модерна галерија*
*1974 — Задар, Плави салон во модерна галерија*
*1976 — Белград, Галерија на Домот на ЈНА*
*1978 — Скопје, ДЛУМ, Музеј на современа уметност*
*1978 — Бањалука, Современа македонска уметност*
*1978 — Скопје, Тематска изложба — македонски пејзаж, Музеј на современа уметност*

*НАГРАДИ:*
*ТРЕТА ОТКУПНА НАГРАДА ЗА МАКЕДОНСКИ ПЕЈЗАЖ*

*Самостојнава изложба на Димитар Стојчевски не претставува изненадување за оние кои знаат дека овој млад сликар, по завршувањето на Академијата за ликовни уметности во Белград, е присутен на речиси сите групни изложби кај нас организирани од Друштвото на ликовните уметници на Македонија. Изложениве дела се резултат на неколкугодишна (1977/78 и 79 година) интензивна работа и заокружуваат одредени интересирања и преокупации на уметникот во тој временски период. Со своите основи стилски карактеристики тие се надоврзуваат на порано создадените дела, дополнети со нови содржини. Креативната еволуција на уметникот следи една внатрешна линија на континуитет и доследност на самиот себеси.*

*Презентираните дела на Стојчевски подеднакво аргументирано можат да се дефинираат како цртежи и како слики, поместувајќи ја деликатната граница што ги одредува двете ликовни дисциплини. Всушност, тие дела се на границата меѓу цртежот и сликата збогатувајќи ги со елементи својствени на едната или другата дисциплина.*

*На прв поглед делата на Стојчевски оставаат впечаток дека следат одреден вид на нефигуративно или апстрактно изразување, што со повнимателно анализирање се открива како асоцијативност на дискретно поставени детали и фрагменти од визуелно препознатливиот свет.*

*Делата се изградени како контрапункт на одделни секвенци што се целина за себе, а истовремено ја компонираат основната структура на творбата како целина. Стојчевски употребува широк спектар на ликовни средства (тушеви, маслен пастел, индустриски т.н. пластични бои, темпера, моливи, фломастери, и друго) комбинирани и преточени во деликатно и тактилно доловена хроматска структура.*

*Уметникот „кадрира“ одредени интимни расположенија, како и најразновидни ситуации и состојби во урбан ам-*

*биент симболизирани преку разни визуелни знаци (семафори, пешачки премини и друго), разни стереометриски одредувања и богатиот регистар на насетувана и препознатлива визуелна стварност. Уметникот извлекува карактеристични детали, некогаш не претставувајќи го мотивот како интегрална целина, тој повеќе сугерира отколку што прикажува.*

*Освен во технички поглед Стојчевски покажува наклонетост за комбинирање и во стилски поглед. Во неговите дела можат да се сретнат „во мало“ речиси сите правци и движења во современата ликовна уметност. Сепак, може да се каже дека со одредени интервенции и барање на структура, авторот и дава единствен тон таа мозаична целина.*

*Колажот е стара љубов на Стојчевски. За разлика од цртежите или сликите што ги прави на хартија, колажите се изведени на лесонит со аплицирање на мноштво исечоци од весници и списанија. Тие се комбинирани со исечоци од платно и потоа врз нив уметникот прави извесни интервенции како би ја добил бараната хармонија и естетска содржина. Во овие дела Стојчевски се открива како страстен експериментатор со разни материјали користејќи ги нивните изразни можности во правењето неограничени комбинации и ликовни решенија. Во стилски поглед овие дела ги имаат карактеристичните белези на цртежите или сликите: дводимензионално решавање на просторот, со некои мали пробиви на линеарната перспектива поделеноста на површината на одделни „парцели“ и придушената колористичка гама што им дава општ тон и атмосфера на неговите дела.*

*Со колажот Стојчевски се вбројува во сосема малиот број македонски ликовни уметници што ја негуваат оваа техника, во која овој уметник постигнува мошне интересни резултати.*

*Владимир Величковски,*

## КАТАЛОГ

1. ПАТУВАЊЕ, колаж
2. ФЕНИКС, колаж
3. РАСПЕТНИК, колаж
4. СИВА ЛАМЕНТАЦИЈА, колаж
5. НОВ ИКАР, колаж
6. АСТРОНОМИУМ, колаж
7. ИНИЦИЈАЛ I, комбинирана техника
8. ИНИЦИЈАЛ II, „
9. ЕХО-ПУНКТУРА I, „
10. ЕКО-ПУНКТУРА II, „
11. НОКТУРНО, „
12. ГЛОБУЛЕН ИНИЦИЈАЛ, „
13. ГРАД; СЕМАФОР, „
14. ПАНОПТИКУМ, „
15. НЕОСТРУКТУРА I, „
16. НЕОСТРУКТУРА II, „
17. РЕТРОВИЗОР II, „
18. ВО ЦЕНТАРОТ, „
19. ОПТИЧКИ ЕЛЕМЕНТИ, „
20. ПОИСТОВЕТЕН КАДАР, „
21. СИН ХОРИЗОНТ, „
22. МАГИСТРАЛА, „
23. СЕМАФОР, „
24. ДИНАМИЧЕН ПРЕДЕЛ, „
25. ТЕРМОГРАМ I, „
26. ТЕРМОГРАМ II, „
27. ГОЛЕМ СЕМАФОР, „
28. КОСМИЧЕН СЕМАФОР, „
29. СЕМАФОР — ПТИЦА, „
30. МАРГИНАЛА I, „
31. МАРГИНАЛА II, „
32. ГЛОБУЛЕН ИНИЦИЈАЛ, „

*УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО*
*во соработка со*
*ПАЛАСТУРИСТ*
*Деловница — Куманово*
*организира*

*САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА*

# ДИМИТАР СТОЈЧЕВСКИ

**академски сликар**
**од Скопје**

*Изложбата ќе се отвори на 12.XII.1980*
*(петок) во 18 часот*
*во Уметничката галерија во Куманово*